РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES

Бр.-Nr. 04-1756/9
05-08-2025 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/11, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 9 став (4) и член 10 од Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, бр. 01-4604/1 од 05.07.2021 година, бр. 01-1171/1 од 16.02.2022 година и бр.01-733/1 од 14.02.2023 година, министерот за одбрана донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на лице за упатување на меѓународна должност**

1. За упатување на должност **„Штабен офицер во планирачки тим во Штабот на НАТО силите за брзо распоредување во Солун, Република Грција СЕ ИЗБИРА** мајор Филип Гајдов од ВП 2803/50 Скопје.
2. За именуваниот ќе се донесе посебно решение за упатување на должност по доставено известување од Директоратот за меѓународна соработка за точниот датум на стапување на должноста и времетраење на мандатот на избраното лице.
3. Директоратот за комуникации да изврши соодветна објава на решението.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По распишан Интерен оглас бр. 04-1756/1 од 10.06.2025 година за упатување на должност Штабен офицер во планирачки тим во Штабот на НАТО силите за брзо распоредување во Солун, Република Грција, Комисијата за административна селекција, постапувајќи по истиот состави Записник бр.04-1756/9 од 02.07.2025 година од кој произлегува дека кандидатот од точка 1 на ова решение продолжува во наредната фаза на избор, односно исполнува услов за водење натамошна постапка пред Комисијата за интервју и рангирање.

Комисијата за интервју и рангирање од своето постапување донесе Записник по извршено интервју, сублимат на оценките, рангирање на кандидатите и предлог за избор на кандидат за упатување на предметната меѓународна должност бр.04-1756/7 од 01.08.2025 година.

Претседателот и членовите на Комисијата за интервју и рангирање по извршување на својата работа, составија писмено образложение за кандидатите за меѓународната должност преточено во предметниот записник со што сопственото

изјаснување за најсоодветен кандидат го доставуваат до министерот за одбрана на одлука.

Согласно член 10 став (6) од Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, бр. 01-4604/1 од 05.07.2021 година, бр. 01-1171/1 од 16.02.2022 година и бр.01-733/1 од 14.02.2023 година, министерот за одбрана донесува одлука за избор на лице за упатување на меѓународната должност, која е конечна.

Избраното лице во подготвителниот период е должно да преземе активности во насока на тестирање за познавање на англиски јазик согласно НАТО стандард СТАНАГ (6001), постапка за издавање на НАТО безбедносен сертификат и друго, доколку за истото има потреба.

Директоратот за меѓународна соработка ги координира активностите со другите организациски единици во Министерството за одбрана и со Министерството за надворешни работи, во насока на навремено издавање на потребните акредитиви, согласности и нотификации, како и потребната документација за утврдување на соодветниот статус на избраното лице за упатување на меѓународна должност.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Изработил: Тони Костески
Одобрил: Ирена Станковска
Согласен: Елизабета Чуповска Ристова

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Владо Мисајловски**

Доставено до:
- Именуваниот;
- Пријавените кандидати;
- Кабинет на МО;
- ГШ;
- ДМС;
- ДК;
- ДУЧРОО;
- Персонално досие и
- Архива.